**Република Северна Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Согласно Програмата за развој на туризмот за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2019), Министерството за економија објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за финансиска поддршка за бизнис идеи за туризам креирани од студенти на факултетите за туризам

**1. Предмет на јавниот повик е избор на најдобри бизнис идеи за туризам креирани од студенти на факултетите за туризам.**
Проектот се реализира во соработка со: Министерството за образование и наука, Факултетите за туризам (Охрид/Скопје/Штип/Државниот универзитет во Тетово - насока Туризам) и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија.

**2. Право на учество** имаат редовни студенти од факултетите за туризам во Република Северна Македонија на возраст од 18 до 30 години, истите да достават потврда од самиот факултет.
Секој учесник на јавниот повик има право да аплицира само со една бизнис идеја.
Со едеа бизнис идеја може да учествуваат најмногу двајца (2) студенти.

На овој јавен повик **немаат право** на учество кандидатите кои претходната 2018 година, се наградени согласно јавниот повик за избор на најдобри бизнис идеи за туризам креирани од студенти на факултетите за туризам.

**3**. Услов за учество е бизнис идеите да бидат изготвени согласно **Упатството за пишување на бизнис идеја за туризам (во прилог на Јавниот повик).**

Апликациите може да се поднесат на македонски или на албански јазик (со превод на македонски јазик).

**4**. **Критериуми** за оценување и избор на најдобри бизнис идеи за туризам:

| **Критериум** | **Вредност %** |
|---|---|
| Изглед на насловна страна | 2 |
| Резиме | 5 |
| Опис на производите и/или услугите | 10 |
| Анализа на пазарот и индустријата (по модел на Мајкл Портер) | 13 |
| SWOT анализа | 8 |
| Опис на системите на маркетинг и дистрибуција | 8 |
| Опис на производниот/услужниот процес | 10 |
| Менаџмент на човечки ресурси | 8 |
| Финансиски план | 13 |
| Изводливост на бизнисот | 13 |
| Иновативност на бизнисот | 10 |

**5**. **Трите најдобри бизнис идеи** ќе бидат презентирани пред Комисијата за евалуација и избор на најдобари бизнис идеи за туризам.

**6**. На **најдобрите** бизнис идеи за туризам ќе им бидат доделени плакети, ваучери и парични награди од:

- 1 награда 100.000 денари
- 2 награда 60.000 денари
- 3 награда 40.000 денари

**7. Јавниот повик** за аплицирање за најдобри бизнис идеи за туризам трае до **30.09.2019 година**.

Готовите бизнис идеи за туризам во **<u>еден напишан примерок</u>** треба да се доставаат до архивата на Министерство за економија со **назнака**:

**„За избор на најдобри бизнис идеи за туризам "**

**Адреса:Министерство за економија**

Јуриј Гагарин 15, 1000 Скопје**<u>и во електронска верзија</u>** на следната E-mail адреса: tourism@economy.gov.mk

За дополнителни информации
тел. (02) 3093 543; (02) 3093 540